**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), член 49 од Статутот на Народната банка на Република Северна Македонија Ст. бр. 02-15/IV-1/2011 од 21.04.2011 година, О. бр. 02-15/III-4/2012 од 29.03.2012 година, О. бр. 02-15/II-10/2016 од 25 февруари 2016 година, О бр. 02-15/XV-3/2018 од 27 септември 2018 година и О. бр. 02-15/VII-5/2019 од 25 јули 2019 година и точките 5, 6, 9, 10 и 11 од Одлуката за доделување годишна награда за млади истражувачи О. бр. 02-15/III-16/2011 од 31.03.2011 година и О. бр. 02-15/VIII-7/2014 од 31 јули 2014 година, гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за формирање Одбор за оценување трудови за Годишната награда за млади истражувачи за 2020 година

1. Се формира Одбор за оценување трудови за Годишната награда за млади истражувачи од областа на макроекономијата и банките и банкарските систем за 2020 година во следниов состав:

- д-р Александар Стојков, член на Советот на Народната банка на Република Северна Македонија, претседател на Одборот;
- м-р Билјана Давидовска-Стојановска, заменик-директор на Дирекцијата за монетарна политика и истражување, член на Одборот и
- д-р Билјана Јовановиќ, самостоен советник во Дирекцијата за монетарна политика и истражување, член на Одборот.

2. Одборот за оценување од точка 1 на ова решение ќе изврши стручна оценка на пристигнатите трудови на објавениот конкурс за Годишната награда на Народната банка за 2020 година и ќе достави предлог за избор на најдобар труд од областа на макроекономијата и банките и банкарските системи, со образложение до гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија.

Одборот за оценување од точка 1 на ова решение, покрај предлогот за најдобар труд, може да достави и предлог за доделување награда на второрангираниот труд, доколку оцени дека некој од пријавените трудови е со квалитет близок до прворангираниот труд.

Доколку Одборот за оценување од точка 1 на ова решение смета дека ниту еден од пристигнатите трудови не ги исполнува условите за добивање награда, може да даде предлог за оваа година да не се доделува награда.

3. Ова решение стапува во сила на денот на потпишувањето.

Бр. 02-3420/2
14 февруари 2020 година
Скопје

Гувернер
д-р Анита Ангеловска-Бежоска

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА BANKA POPULLORE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT SHKUP СКОПЈЕ